# ОБЈАВА

**Здружението Шаховски клуб на ветерани Скопје72, Скопје го објавува**

**ТРАДИЦИОНАЛНИОТ  ВЕЛИГДЕНСКИ РАПИД ТУРНИР ЗА ВЕТЕРАНИ - 2026**

Турнирот ќе се одигра на 18 и 19. Април  2026 г. во девет кола, швајцарски систем, во **просториите на ШК Алкалоид** – на улица „Јордан Мијалков“ бр.40 (Железничка) во Скопје,  со право на учество на шаховски ветерани С60. Бројот на учесници се лимитира на 36 шахисти од пријавените, при што Организациониот одбор задржува право да ја објави конечната листа на учесници. Пријавување најдоцна до 12 часот во петок на 17.04.2026 г. Организациониот одбор ќе ја објави листата на учесници до 15 часот на 17. април.

- Организациониот одбор го сочинуваат: Илија Стошевски и Љубомир Хаџи-Манев и Влатко Бужаровски
- Директор на турнирот:  Александар Сидоровски
- Турнирот ќе се игра по правилата на ФИДЕ за забрзан шах. Играчите ќе имаат по 15 минути за партија со додавање 10 секунди по потез почнувајќи од првиот.
- Турнирот ќе се рејтингува во ФИДЕ
- Судија на турнирот:  Вахидин Исмаили, ФИДЕ судија

Распоредот на колата:

- Потврда на пријавата (лично) на 18 април заклучно до 10,30 ч.,
- Првото коло ќе започне веднаш после свеченото отворање, доделувањето плакети на Почесните членови – донатор и заедничкото сликање.
- Првиот ден (на 18. април) се играат 5 кола.
- Вториот ден (19. април) се играат преостанатите 4 кола, со почеток во 11 ч.
- Прогласување на победници и доделување на наградите ќе биде веднаш по завршеток на последното коло.

Прилог на учесниците, членови на ШКВ Скопе72, кон наградниот фонд и организацијата е минимално 500 денари, а за останатите 700 денари, се според можностите на учесниците. Поканетите гости и носители на титула ВМ и ИМ се ослободени.

Наградниот фонд изнесува 15.500 денари, распореден во пет награди:

I. 5.000 ден.,  II. 4.000 ден.,  III. 3.000  ден.,  IV 2.000 ден
+ Специјална награда од 1.500 ден. за најдобро пласиран учесник од осумте играчи со најнизок рејтинг.

При делба на место, редоследот на наградените се одредува според: 1. Бухолц -1,  2. Бухолц, 3. Прогрес, 4. Меѓусебна средба

Ги покануваме шаховските ветерани од град Скопје и Републиката да се пријават за турнирот. Контакт телефон 074 / 205 236 – Илија Стошевски или на    е-меил: veterani.skopje72@gmail.com

Скопје, 19.03.2026

ШКВ Скопје72

Претседател, инг. Илија Стошевски, ср